

**Дирекција за тргување и девизен пазар**

**Дневни финансиски вести** **09 Мај 2012**

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 31,3 млн. Меѓу банките беа истргувани нешто над ЕУР 1,5 млн., од кои ЕУР 0,35 меѓу маркет- мејкерите. Цените се движеа меѓу 61,70 и горната граница на тргување со НБРМ 61,72.

На вчерашната вонредна аукција МинФин продаде 3- месечни државни записи без девизна клаузула во износ од 3,087,650,000, што е значително над сумата објавена во Проспектот која изнесуваше МКД 1,750,000,000.

Денес се одржува аукција на благајнички записи на НБРМ. Наредната ќе биде за 35 дена.




За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **Д32012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 56 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **Д32012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 105 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **Д32012/08-84dk** | 16-May-12 | 7 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **Д32012/07-84** | 16-May-12 | 7 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **Д32012/09-91** | 6-Jun-12 | 28 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **Д32012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 28 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **Д32012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 119 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **Д32012/11-91** | 13-Jun-12 | 35 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **Д32012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 35 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **Д32012/13-91** | 4-Jul-12 | 56 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **Д32012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 56 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **Д32012/15-91** | 18-Jul-12 | 70 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **Д32012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 70 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **Д32012/17-98** | 8-Aug-12 | 91 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **Д32012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 91 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **Д32012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 182 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 8-May-12 | **Д32012/19-91** | 8-Aug-12 | 91 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 10/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.14700 | 0.18960 | 0.23875 | 0.46585 | 0.72840 | 0.88880 | 1.04920 |
| **Libor CHF** | 0.03167 | 0.04333 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18500 | 0.26700 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.346 | 0.317 | 0.398 | 0.692 | 0.98 | 1.135 | 1.281 |
| **Skibor** | 2.14 | 3.13 | 4.08 | 4.63 | 5.25 | 5.74 | 6.19 |

Извор: Reuters и НБРМ

Филм- Marvel Studios во изминатите неколку години пријатно нѐ изненадија со низа одлични филмски адаптации од Marvel Comics. Iron Man, The Incredible Hulk, Thor, Captain America: The First Avenger, а оваа година пристигна филмското доживување кое ги собра сите супер-херои на едно место - The Avengers. По првата недела прикажување филмот заработи неверојатни 200 мил. долари. Паралелно со светската премиера, филмот почна да се прикажува и во нашиот Милениум.




Извор: Danske Bank

Поради несигурната политичка ситуација во Грција, еврото падна под границата од 1,30 во однос на доларот, со што го прекина движењето во рамките 1,30-1,33 последниве 4 месеци. Лидерот на лево-ориентираната политичка партија Syriza, Alexis Tsipras, ќе се обиде да формира нова влада, но шансите за тоа изгледаат многу мали. Tsipras се надева на нова владина коалиција меѓу лево- ориентираните политички партии вклучувајќи ја и Пасок, а според него новата влада би требала да биде согласна околу отфрлањето на мерките за штедење кои ги бараа ЕУ и ММФ, прогласување на мораториум на долговите и национализација на банките. За денес во 16:00ч. е закажан состанок меѓу Syriza, Пасок и Неа Демократија. Jorg Asmussen, германскиот член во ЕСВ, го покрена прашањето за можното излегување на Грција од европската монетарна унија. Тоја смета дека Грција би требала да биде свесна нема друга алтернатива од она што е договорено во финансиските пакети ако сака да остане член на еврозоната. Како резултат на ова, се зголеми аверзијата кон ризик на финансиските пазари, што се гледа преку падот на индексите на светските берзи и пораст на цените на обврзниците на Г7 земјите. Приносот на 10- годишните германски обврзници Bunds падна на најниско ниво од нивното воведување, 1,54%. Приносот на 10- годишните американски Treasuries е 1,83%.

Денес нема некои поважни економски податоци, што значи дека вниманието на финансиските пазари повторно ќе биде свртено кон развојот на настаните во Грција. Податоците за трговскиот биланс на Германија објавени утринава покажаа дека суфицитот е задржан на нивото од ЕУР 13,7 блн.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

08:00 Ger Trade balance

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.2976 | **XAU** | 1590.35 |
| **EURCHF** | 1.2009 | **XAG** | 28.98 |
| **EURAUD** | 1.289 | **Brent** | 111.02 |
| **EURGBP** | 0.8042 | **Copper** | 8234 |
| **EURJPY** | 103.55 | **Nickel** | 17405 |
| **USDJPY** | 79.79 | **Zink** | 1987 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| рок / земја | 2 години цена | 2 години принос | 3 години цена | 3 години принос | 5 години цена | 5 години принос | 10 години цена | 10 години принос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **US** | 99.9766 | 0.2619 | 99.65625 | 0.3653 | 100.5859 | 0.7547 | 101.5625 | 1.8245 |
| **В. Британија** | 103.355 | 0.404 | 106.007 | 0.507 | 103.615 | 0.961 | 118.396 | 1.935 |
| **Канада** | 99.085 | 1.22 | 99.152 | 1.318 | 100.16 | 1.465 | 107.23 | 1.954 |
| **Германија** | 100.28 | 0.097 | 105.94 | 0.199 | 101.017 | 0.534 | 101.988 | 1.536 |
| **Франција** | 106.708 | 0.529 | 107.726 | 0.836 | 100.72 | 1.592 | 101.56 | 2.818 |
| **Италија** | 100.118 | 2.955 | 98.5 | 3.576 | 101.152 | 4.536 | 99.166 | 5.685 |
| **Шпанија** | 99.908 | 3.448 | 99.517 | 4.165 | 97.611 | 4.852 | 99.288 | 5.944 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 20.9 | 22.966 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6444.74 | ↓ | -1.90 | 6075.52 | 6.08 |
| Dow Jones | 12932.09 | ↓ | -0.59 | 12217.56 | 5.53 |
| FTSE | 5554.55 | ↓ | -1.78 | 5572.28 | -0.32 |
| Nikkei 225 | 9052.33 | ↓ | -1.34 | 8455.35 | 7.06 |
| Hang Seng | 20292 | ↓ | -0.97 | 18824.3 | 7.80 |
| MBI- 10 | 1976.34 | ↑ | 0.11 | 1975.79 | 0.03 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; е- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; е- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; е- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.